

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

МАКЕДОНСКО НАУЧНО ДРУШТВО - БИТОЛА

**REPUBLIC OF MACEDONIA**

MACEDONIAN SCIENTIFIC ASSOCIATION - BITOLA

# III НАУЧНО-СТРУЧЕН СОБИР СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО
## „Образованието во 21 век“

# III SYMPOSIUM OF INTERNATIONAL PARTICIPATION
## ”Education in 21 century”

- ПРОГРАМА НА СИМПОЗИУМОТ -

- SYMPOSIUM PROGRAMME -

**ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА – БИТОЛА, 09.12.2011**
**CULTURAL CENTRE - BITOLA, 09.12.2011**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МАКЕДОНСКО НАУЧНО ДРУШТВО - БИТОЛА

REPUBLIC OF MACEDONIA
MACEDONIAN SCIENTIFIC ASSOCIATION - BITOLA

# ТРЕТ НАУЧНО - СТРУЧЕН СОБИР СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО

## „Образованието во 21 век“

ПОКРОВИТЕЛ: **Општина Битола, Градоначалник м-р Владимир Талески**
BENEFACTOR: **Municipality of Bitola, Citymayor Vladimir Taleski, M.A.**

**ГЕНЕРАЛЕН СПОНЗОР: Стопанска банка АД – Битола**
**GENERAL SPONSOR: Stopanska banka AD - Bitola**

**Наши пријатели** **Our friends**

***ПОДДРЖАНО ОД:***
***Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола***
***Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип***
***SUPPORTED BY:***
***University ”St. Kliment Ohridski” - Bitola and***
***University ”Goce Delcev” - Stip***

ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА – БИТОЛА, 09.12.2011
CULTURAL CENTRE - BITOLA, 09.12.2011

**ПОЧЕСЕН ОДБОР**
1. Проф. д-р Златко Жоглев (претседател на одборот) Ректор на Универзитетот „Св. Климент Охридски - Битола
2. Проф. д-р Саша Митрев, Ректор на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип
3. Академик Георги Старделов, Претседател на МАНУ
4. Академик Владо Камбовски потпретседател на МАНУ
5Академик Бојан Шоптрајанов, потпретседател на МАНУ
6.Академик Јордан Поп Јорданов
7.Академик Блаже Ристовски
8.Академик Матеа Матевски
9.Академик Глигор Каневче
10.Почесен д-р на УКЛО Владимир Костов
11.Прим. др. сц. Димитар Котевски

**HONORABLE BOARD**
1. Prof. Zlatko Zoglev, Ph.D (Chairman of the Board) Rector of the University "St. Kliment Ohridski "- Bitola
2. Prof. Sasha Mitrev, Ph.D, Rector of the University "Goce Delchev", Stip
3. Academic Gorgi Stardelov, President of MANU
4.. Academic Vlado Kambovski vice president of MANU
5. Academic Bojan Shoptrajanov, vice president of MANU
6. Academic Jordan Pop Jordanov
7. Academic Blaze Ristovski
8. Academic Matea Matevski
9. Academic Gligor Kanevce
10. Doctor Honoris of UKLO Vladimir Kostov
11. Prim. Dimitar Kotevski, dr. sc.

**ПРОГРАМСКИ КОМИТЕТ**
1. Проф. д-р сц. Ингрид Бауман, Свеучилиште у Загребу, Р. Хрватска
2. Проф. д-р Искра Иванова, Универзитет „Св. Климент Охридски “- Софија, Р. Бугарија
3. Проф. д-р Ѓерѓе Пендавињи, Универзитет „ Фан Ноли“- Корча , Р. Албанија
4. Проф. д-р Гордана Богдановиќ-Душаниќ, Висока школа струковних студија, Врање, Р. Србија
5. Проф. д-р сц. Борис Ангелков, Македонско научно друштво-Битола, Р. Македонија

**PROGRAM COMMITTEE**
1. Prof. Ingrid Bauman, dr. sc. University in Zagreb, R. Croatia
2. Prof. Iskra Ivanova, dr. Ph.D University "St. Kliment Ohridski "- Sofia, R. Bulgaria
3. Prof. Gjergji Pendavinji, Ph.D University "Fan Noli" - Korce, R. Albania
4. Prof. Gordana Bogdanovic-Dushanikj, dr. High School of professional studies, Vranje, R. Serbia
5. Prof. Boris Angelkov, dr. sc. Macedonian Scientific Association of Bitola, R. Macedonia

**ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР**
1. Проф. д-р сц. Борис Ангелков , претседател
2. Доц. д-р Дијана Христовска, секретар,
3. Проф. д-р Цветко Смилевски, член
4. Проф. д-р Виолета Маневска, член
5. Пред. м-р Сашо Кочанковски, член
6. Вонр. проф. Деан Илиев, член
7. Проф. д-р Владимир Михајловски, член
8. Доц. д-р Никола В. Димитров, член
9. Проф. д-р Екатерина Јосифовска, член
10. Проф. м-р Емилија Костурски, член
11. Проф. д-р Викторија Петковска, член

**ORGANISATION BOARD**
1. Prof. Boris Angelkov, dr. sc. President
2. Ass.Prof. Diana Hristovska, Ph.D, secretary
3. Prof. Cvetko Smilevski, Ph.D, member
4.Prof. Violeta Manevska,Ph.D., member
5. Lect. M.A. Saso Kochankovski, member
6. Ass.Prof. Dean Iliev, member
7. Prof. Vladimir Mihajlovski, Ph.D, member
8. Ass.Prof. Nichola V. Dimitrov, Ph.D, member
9. Prof. Ekaterina Josifovska, Ph.D. member
10. Prof. Emilia Kosturski, M.A. member
11. Prof. Victoria Petkovska, Ph.D, member

**СЕКРЕТАР:**
Дипл. псих. Александра Сокароска
**СЕКРЕТАРИЈАТ:**
1. Дипл. инж. биотех. Билјана Павлоска
2. М-р Миа Мимоза Александриски
3. М-р Марија Котевска Димовска
4. Елизабета Чашитовска
5. М-р Сузана Шулевска
6. Проф. Соња Бошевска

**SECRETARY:**
Grad. Psych. Aleksandra Sokaroska
**SECRETARIES:**
1. Eng. Biotech. Biljana Pavloska
2. Mia Mimoza Aleksandriski, M.A
3. Marija Kotevska Dimovska, M.A
4. Elisabeth Chashitovska
5. Susana Shulevska, M.A
6. Prof. Sonja Boshevska

**II дел**

**Г) Стратегии на поучување и учење**

15. Снежана Стојанова и Гордана Анастасова: „Реализирана проектна активност во основното образование".

16. Лидија Ѓошевска: „Улогата и значењето на проектната активност во средното стручно образование".

17. Мирјана Стојчевска – Ѓорѓиоска, Мимоза Серафимова: „Современи стратегии за ефективна настава".

18. Андријана Боцевска: „Методи на виртуелно прототипирање применети во процесот на развој на производот".

19. Никола Димитров: „ Од национално и интегрирано, преку граѓанско до глобално образование".

**Д) Воннаставни активности**

20. Јулијана Талеска: „Училишниот театар како воннаставна активност".

21. Гордана Кожуваровска: „Воннаставни активности: училишна сообраќајна единица (УСЕ)".

22. Екатерина Јосифовска, Александар Тодорвски: „Фолклорот како воннаставна активност во основното образование".

23. Зоран Павлов, Марија Коцева: „Квалитетни воннаставни активности – придобивка на секој ученик".

24. Цане Котески, Душко Јошевски, Тања Ангелкова: „Екскурзијата како форма на географското образование".

25. Биљана Цветкова - Димов: „Ликовната култура во основното и задолжителното образование".

**18:30 - 19:30 ДИСКУСИЈА ПО ЖЕШКИ ПРАШАЊА**
**DISCUSSION: Have all „Burning Questions" been extinguished?**

**Мирјана СТОЈЧЕСКА ЃОРЃИОСКА**[1]

**Мимоза СЕРАФИМОВА**[2]

# СОВРЕМЕНИ СТРАТЕГИИ ЗА ЕФЕКТИВНА НАСТАВА

**Апстракт**

Современите наставни стратегии се воведуваат за да можат учениците да постигнат подобри резултати.Овие стратегии се менуваат со текот на времето. Учениците денес живеат во глобалниот свет кој бара повеќе разбирање и способности. Тие треба да ги разберат основите, но исто така да размислуваат, да истражуваат и да донесуваaат заклучоци. За да им се помогне на учениците да ги постигнат и унапредат овие вештини, потребно е да се воведат промени во начинот на предавање и примената на стратегии.

Целта на примената на стратегиите за ефективна настава е да се унапреди учењето на учениците. Современите наставни стратегии имаат значајна улога во подобрувањето на системот на учење. Наставниците мора да користат ефикасни наставни стратегии за да биде учењето интерактивно, интересно и да се мотивираат учениците.

---

[1] М-р Мирјана Стојческа Ѓорѓиоска, СОУ„Орде Чопела“ Прилеп, БАС Битола, mirjanastojceska@gmail.com

[2] Д-р Мимоза Серафимова, БАС Битола, mimozaserafimova@yahoo.com

Наставата со примена на современи наставни стратегии е од суштинско значење .Многу теми можат да се научат подобро со примена на стратегии за ефективна настава.

Учениците имаат корист од ефективна настава и учење внатре и надвор од училницата.

Помагање на учениците да научат е нашиот предизвик, како наставниците. Идентификување на ефективни наставни стратегии, според тоа, исто таке е нашиот предизвик, како што е и оценување на ефективноста на нашата сегашна настава .

**Клучни зборови**: стратегии, настава, ефективни

# MODERN TEACHING STRATEGIESFOR EFFECTIVE TEACHING

**Abstract**

Modern Teaching Strategies are introducing for students to achieve in their career. These teaching strategies are changing with the passage of time. Today's students are into global world that will demand more understanding and abilities. Students need to understand the subject basics, but also to think decisively, to investigate, and to make conclusions. Helping students to advance these skills will require changes in teaching strategies at the school and classroom level.

The aim of effective teaching strategies is to advance student learning. Modern Teaching Strategies plays an important role in enhancing learning system. Teachers therefore should use effective teaching strategies. Modern Teaching Strategies are used to make learning sessions interactive and motivating. Teachings with modern teaching strategies are essential in the technological age. Many subject topics can be taught better and in more depth with modern effective teaching strategies.

Students benefit from effective teaching and learning strategies inside and outside the classroom

Helping students learn is our challenge as teachers. Identifying effective teaching strategies, therefore, is our challenge as we both assess the effectiveness of our current teaching style and considers innovative ways to improve our teaching to match our students learning styles.

**Key words:** Strategies, Teaching, effective.

**Ефективна настава**

*„Во теоријата нема разлика меѓу теоријата и праксата, но во праксата има“* Jan L.A.van de Snepscheut

**Што е ефективна настава?** Smith сугерира дека „учењето е последица на искуството“ (1995: 588). Тој тврди дека образованието и наставата треба да се фокусираат на „соодветно негувано искуство, така што учењето доаѓа природно и неизбежно“(1995: 589).

Alton Lee (2003) има предложено десет јасно дефинирани и потврдени со истражување карактеристики за квалитетот на наставата..

**Десетте точки на моделот на Ли ги опфаќаат следниве области:**

1. Фокусирање на постигнувањата на учениците;
2. Педагошка практика која вклучува грижа и вклучување на средина за учење;
3. Ефективни врски меѓу училиштето и средината;
4. Квалитетна настава која одговара на процесите на учење на учениците;
5. Ефикасни можностите за учење ;
6. Повеќе задачи кои го поддржуваат циклусот на учење;
7. Ефективно усогласени цели на програмата;
8. Конструктивни повратни информации;
9. Настава ориентирана кон ученикот, самоучење, развивање на метакогнитивни способности;

10. Наставниците и учениците конструктивно се ангажираат во постигнувањето на поставените цели. Alton Lee (2003:VI-X).

**Пет клучни фактори кои обезбедуваат основа за ефективна настава** се:

1. Знаењето на наставникот, ентузијазмот и одговорноста за учењето;
2. Активностите во училницата кои го поттикнуваат учењето;
3. Активности за оценување кои поттикнуваат искуствено учење;
4. Ефективни повратни информации со кои се воспоставува процесот на учење;
5. Ефективна интеракција на наставникот и учениците преку современи наставни стратегии со кои се создава средина која го поттикнува искуственото учење.( Philip Gurney).

Како да се подобри квалитетот на образованието е нешто за што се зборува во многи земји во развој Покрај реформата на наставните планови и програми, фокус треба да се стави на наставните стратегии. Се покажува дека одредени наставни стратегии придонесуваат кон повисоки постигнувања од страна на учениците отколку други методи. Затоа, фокусирањето кон изведбата на наставниците е првиот чекор за да се дојде до повисоки постигнувања на учениците. Исто така, постојат значителни докази кои воспоставуваат дефинитивна врска помеѓу квалитетот на наставата и ефективноста на училиштата ( Џејми Валин ).

Ефективноста на наставата до извесен степен зависи од прилагодувањето на наставните стратегии и материјали кон потребите на учениците. Постојат голем број на истражувачки проекти кои настојуваат да идентификуваат кои се најголемите корелации на „ефективните училишта и ефективната настава". Наставниците и директорите во ефективните училишта се зафаќаат со оние активности кои резултираат со зголемено учење од страна на учениците преку насочување, водење и координирање на образовната програма.

Ефективната настава може да се сумира како постоење на три димензии: самата училница, стилот на предавање и средината на учење.

Во една **ефективна училница**, наставниците планираат, менаџираат и следат уреден систем на активности поврзан со учењето и обезбедуваат адекватено користење на соодветни наставни средства и помагала.

**Стил на предавање** - Предавањето во ефективна училница се карактеризира со високи очекувања од учењето на сите ученици како и целно ориентирана настава.Стилот на предавање во ефективна училница е адаптибилен, структуиран, разновиден, се одликува со примена на современи стратегии и е заснован на специфични цели на учење.Наставниците ги структуираат како когнитивните активности од повисок така и когнитивни активности од понизок ред, предаваат во помали и поголеми групи, интерактивни се со учениците и генерално го водат процесот на учење преку обезбедување на дополнувања и исправки.

**Средина за учење** – Во ефективна училница учењето се случува во една атмосфера на поддршка, каде учениците работат во

групи, преку индивидуализирани активности на учење, како и во кооперативни средини на учење. На учениците им се дава доволно време и можност за совладување на вештини и кон тоа, учениците превземаат висок степен на одговорност за нивното учење преку земање на учество, преку нивна вклученост во поставувањето на нивните сопствени цели и помош во следењето на нивниот сопствен прогрес ( Џејми Валин ).

Денес во наставната теорија и практика можат да се забележат два пристапи т.н настава на знаење и настава на способности, од кои произлегуваат две училишта: „училиште на памтење“ и „училиште на развој“. Во следната табела се претставени споредбени карактеристики на традиционалната настава ориентирана на знаење и иновативната, ефективна настава ориентирана на способности.

Табела 1: Споредбени карактеристики на традиционална и иновативна настава (Ala Stepanovna Sidenko,2006)

| **Параметри на споредба** | **Традиционална настава (ориентирана на знаење)** | **Иновативна, развојна настава** |
|---|---|---|
| Цел | Пренесување на знаења, вештини, навики | Развој на личноста на ученикот |
| Основна карактеристика | Училиште на „памтење“ | Училиште на развој на способности |
| Наставни методи | Информациско репродуктивни | Проблемски рефлексивни |
| Начин на усвојување | Учење напамет, репродуцирање, дејствување по алгоритам | Истражувачко мисловна активност |
| Основни функции на наставникот | Носител на информации, чувар на норми и традиција | Организатор, координатор, консултант, раководител, асистент |
| Состојба на ученикот | Пасивност, одсуство на интерес | Активност, присутна мотивација и интерес |

Наставата на памтење се базира на традиционални основи: доминација на илустративни методи на предавање, фронтален облик на организирање на наставниот процес, контрола и испрашување од репродуктивен тип. Целта на ваквата настава е формирање на знаење, вештини, навики.

Иновативната настава е насочена кон развивање на способности и на личноста на ученикот. Развојот на личноста се согледува и преку усвојување на мисловни операции, како што се:

синтеза, споредба, воопштување, класификација, апстракција и др. Притоа посебно значење се дава на организацијата на часот.

## Резиме

Современите стратегии за ефективна настава го подобрува квалитетот на учењето и, ангажирајќи ги учениците во решавањето на комплексни и нови проблеми, овозможува да постигнат повисоки нивоа на когнитивен развој.

Можат да се издвојат основните карактеристики на ефективната настава на час:

- го мотивира ученикот, поттикнува интерес за учење;
- создава услови за појава на „реална“ ситуација на успех на ученикот во која ученикот се чувствува како победник, освојувач. Важно е секој ученик да ја доживее ситуацијата како заслужен успех, лична победа, а тоа ќе допринесе да се создаде чувство на сопствена вредност и углед кај другите ученици;
- креира средина за развој на мисловните способности на учениците по пат на усвојување на одредени мисловни операции;
- овозможува примена на групни проблемски и рефлексивни методи во образовниот процес;
- овозможува организирање на истражувачки активности кај ученикот на часот;
- Применување на ситуации кои имаат проблемски карактер, а за да ги реши ученикот мора да размислува, да дискутира, да прочита дополнителна литература, да се консултира и да побара помош од наставникот;

Може да се заклучи дека суштината на ефективната настава се согледува во создавање на услови во кој ученикот ќе биде субјект на наставниот процес, при што неговиот развој ќе биде основна задача не само за наставникот туку и за него лично.

## Користена литература:


1. Alton-Lee, A. (2003). *Quality teaching for diverse students in schooling: Best evidence synthesis.* Wellington: Ministry of Education.
2. Cameron, M. (2002). Peer influences on learning. *Set*, *3*, 36-40.
3. Effective teaching strategies Retrieved from www. Discover-modern-teaching-strategies.html
4. Gurney P.(2007)Five Factors for Effective Teaching *New Zealand Journal of Teachers' Work, Volume 4, Issue 2, 89-98, 2007*
5. Modern teaching strategy - Retrieved from http://nalanda.nitc.ac.in/misc/general/ciced/Ch04.html
6. Role of modern teaching aids in education Retrieved from www.teaching.com.au/
7. Stepanovna Sidenko, A (2006) O inovacionim i tradicionalnim modelima nastavnog procesa "Nastava i vaspitanje" br. 2
8. The-**Role**-of-the-Teacher-in-**Modern**-E... Retrieved from http://www.writwarticles.org/
9. Tradicional and modern teaching Retrieved from www.openuni-lsu.edu.ph/openfiles/modules/ed710/lesson5-1.doc
10. The role of teachers in the 21st century -Retrieved from http://www. sens-public.org/spip.php?article667